Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 17.05.2023

На 16.05.2023 во 19.40 часот на улица „Мислешевски пат" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Струга го лишиле од слобода Б.Б.(42) од Струга, затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.05.2023 во 14.25 часот на булевар „Туристичка" во Охрид, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид го лишиле од слобода А.П.(23) од охридското село Куратица, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје - ЕВР Центар и Бит Пазар поднесе кривична пријава против С.И.(63) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 02.03.2023 во казино на бул.„Крсте Мисирков" во Скопје, пријавениот со закана со пиштол кон вработениот одзел пари од дневниот промет. По преземени мерки и активности тој бил лишен од слобода и со судска наредба бил извршен претрес во неговиот дом. Со кривичната пријава С.И. бил изведен пред судија на претходна постапка, од чија страна на лицето му е одредена мерка домашен притвор.

На 16.05.2023 во 12.00 часот на подрачјето на Струга, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор „Охридско Езеро" го привеле А.Т.(37) од Република Албанија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „незаконит риболов" казниво по член 229 од Кривичниот законик и илегално преминување на државна граница казниво по член 9 од Законот за гранична контрола. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 197 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 55 санкција, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се четири мерки за некористење сигурносен појас, четири санкции минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на вчерашниот ден (16.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 192 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 132 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 60 надвор од населено место.

На 16.05.2023 во 22.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на крстосница од улиците „Браќа Ѓиновски" и „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, патничко возило „фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од 26-годишниот гостиварец Н.А., удрило во 65-годишниот пешак С.Т, исто така, од Гостивар, по што го напуштило местото, но возачот набрзо бил пронајден и приведен. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 16.05.2023 во 11.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ацо Шопов" во Скопје, товарно возило „фиат фиорино" со радовишки регистарски ознаки, управувано од Ј.Р.(53) од Скопје, удрило во пешакот Е.Х.(37). Во несреќата Е.Х. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 16.05.2023 во 15.12 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Караорман" во Битола, Б.Ќ.(18) од Битола, управувајќи мотоцикл „хонда" без регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во несреќата, Б.Ќ. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 16.05.2023 во СВР Битола, П.Т.(83) од Битола пријавил дека на ул.„Крстин Чулаковски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 16.05.2023 околу 23.15 часот полицски службеници од Единицата за интервентна полиција на ул.„Кичевска", на подрачјето на Ѓорче Петров, ги лишија од слобода И.А. (35) и Б.С.(34), двајцата од Скопје. Имено, откако полициските службеници сопреле патничко возило „БМВ" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.А., во кое совозач бил Б.С., при извршен преглед во него пронашле 3 парчиња огнено оружје, и тоа пиштоли „Застава М57" со рамки со муниција. Лицата се приведени во полициска станица и по документирање на случајот од страна на полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со оружје и опасни материи, Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје против нив ќе биде поднесена кривична пријава по брза постапка, по што ќе бидат изведени пред Судија на претходна постапка.

Во текот на вчерашната вечер (16.05.2023), по добиена пријава во 21.11 часот од страна на 76-годишна жена, според која нејзиниот 78-годишен сопруг, кој имал здравствени проблеми, во 13.00 часот излегол од нивниот дом во Битола и не се вратил дома, од страна на полициски службеници од СВР Битола веднаш се преземени мерки за негово пронаоѓање. Во текот на потрагата извршено е пребарување на поширок периметар во и околу Битола и за два и пол часа од добиената пријава, поточно во 23.45 часот, на патот Битола - Пелистер, поконкретно на патот за с.Нижеполе, лицето е пронајдено во добра здравствена состојба и безбедно вратено во домот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против У.З.(43) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.04.2022 во близина на село Колари, кичевско, полициски службеници извршиле преглед на моторно возило „опел", во кое се превезувал пријавениот како сопатник, при што кај него бил пронајден и одземен кокаин.

Денеска (17.05.2023) во 04.40 часот пред угостителски објект на ул.„Македонија" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Т.Ш.(52) од Прилеп, затоа што, по претходна расправија, физички ја нападнал В.Л.М. (40) од Скопје и затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.05.2023 во 19.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, Б.Д.(24) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот на Плоштад „Скендербег" на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од негов роднина Р.Т.(45) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2023 во 18.50 часот во Полициската станица Карпош, К.С.(74) од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот на подрачје на Карпош, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од неговиот сосед Д.Ј. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.К.(50) од Скопје пријавил дека во 19.30 часот на подрачје на Ѓорче Петров бил физички нападнат од И.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2023 во 21.30 часот во Полициската станица Драчево, А.Н.(18) од с.Батинци, скопско, пријавил дека околу 20.35 часот во с.Батинци, поради нерасчистени должничко - доверителски односи, бил физички нападнат од Ш.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.05.2023 во 09.45 часот во Полициската станица Аеродром, М.Н.(53) од Скопје пријавила дека во трговски центар на подрачје на Аеродром била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.С.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". Во периодот од 17.03. до 21.03.2023, пријавениот, преку мобилна апликација, во повеќе наврати уценувал жена од Скопје дека ќе објави фотографии со компромитирачка содржина доколку не му даде пари.

На 16.05.2023 во 19.15 часот во СВР Скопје, Б.И.(30) од с.Камењане, тетовско, пријавил дека во неговиот угостителски објект на ул.„Гоце Делчев" во Скопје, залутано зрно од огнено оружје оштетило една маса. Повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Зрното било подигнато за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против А.Р.(45) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,употреба на исправа со невистинита содржина" и „давање лажен исказ". На 17.03.2023, при контрола на патничко возило „фиат", пријавениот приложил возачка дозвола која била поништена.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет